# Ендемски постапки за ендемски растенија

Зошто инспекторот Љупчо Стојановски ја заслужува нашата почит? Затоа што е ендемски почитувач на законите во Македонија, затоа што е редок Германец во нашата средина. Браво за инспекторот!

Наспроти него, неговата екселенција, амбасадорот на Германија во Македонија, г. Вернер Буркарт, се однесува како негерманец или како човек со двоен морал (еден за дома, еден за fuori le muri). Како што сите знаеме, во Германија постои забрана да се собираат какви било растенија по полињата, без разлика дали се на дофат на окото на другиот. Забрането е да се извршуваат и други срамни дејства, особено од страна на претставниците на дисциплинирана војска, кои пак во Македонија слободно се практикуваат.

Што може да се заклучи од ова? Изгледа дека демократијата е премногу напорен спорт. Затоа еден не толку скромен дел од претставниците на развиениот Запад во нашата држава буквално се релаксира како во минерална бања (макар што и во бањите владее демократија). Ова означува дека Македонија е проценета како недемократски ареал, во кој може да се лекуваат сите фрустрации: бања за како - што - сакам - јас - однесување.

Амбасадорот и дел од неговите војници во оваа држава не смеат, кога се дисциплинираат во помалку развиените земји, да бидат она што не треба да бидат. Од вас очекуваме да учиме, а не vice versa.

Уште понедостојно звучи обидот да се „вади“ амбасадорот, обидот за симулација на вистинска случка, односно создавањето метафори и поетски еквилибристики околу реална случка. Ефектот е обратен: му дава инфузија на вистинското и прво случување, го нагласува престапот.

Признајте си ја грешката амбасадоре, ако, како што пишуваат медиумите, навистина сте ја направиле! Направете се мал, за да бидете голем! Јавноста во Македонија, од најнеукиот до најобразованиот, е констернирана од Вашата постапка. Однесувајте се во оваа држава како Германец во Германија, во согласност со претставата што ја имаме за вас, Германците. Можеби ја идеализираме, но Ве уверувам дека е вистинита.

СОЊА АБАЏИЕВА, СКОПЈЕ

# Распродажба на македонската историја!

Борците од Народноослободителната војна на Македонија, иако им е јасно, сепак се прашуваат до кога и до каде ќе се шират рас-

E-mail: dnevnik@soros.org.mk

Дневник

• Излегува секој ден освен во недела • Првиот број на весникот излезе на 20 март 1996 г

• Претседател на Собирот на содружници: МИЛЕ ЈОВАНОВСКИ • Директор: АЛЕКСАНДАР ДАМОВСКИ • Главен и одговорен уредник: ГЕОРГИ БАРБАРОВСКИ • Уредник на изданија: ВЛАДИМИР БОГОЕВ • Уредници: МИТКО БИЛАНСОКИ, КАТЕРИНА ... ХРИСТО ИВАНОВСКИ, БОЈАН КИЦУРОВСКИ, СТОЈАНКА МИТРЕСКА, НАТАЛИ Н. СОТИРОВСКА, МИЛОРАД СТОІМАНОВС...

• Технички уредник: ДАНИЕЛА РАДЕСКА • Лектор: РУЖИЦА ПЕЈОВИЌ • Дописници: СВЕТЛАНА ЈОВАНОВСКА (Брисел), МЕ... ТАСЕВ (Струмица) • Секретар на Редакцијата: ЗОРИЦА ЈОВАНОВСКА • Маркетинг: ГАБРИЕЛА РИСТОВА Тел: 236-606, 130-2... 492, 230-486), адреса: Во кругот на фабрика „Треска" - Скопје • Адреса на Редакцијата: Никола Вапцаров 2/1, Скопје Тел: ...

• Девизна сметка 40100-620-16-25730522-20245, Комерцијална банка - АД Скопје • Даночен број: 4030993274799, Комер... Скопје • Според Мислењето на Министерството за култура бр. 08-95/505-505 од 08.031995 година, за „Днев...